# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 22-то продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 мај 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Сашо Дохчев, Андреј Жерновски, Слободан Даневски, Стојан Андов, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Трифун Костовки, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети,Теута Арифи и Абдулаќим Адеми, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 72 пратеници.

Ве молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Молам да се обезбеди кворум, бидејќи треба да пристапиме кон гласање по 35-тата точка.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве информирам дека претресот по 35-тата точка, односно Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон поднесено од група пратеници е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 59 пратеници, 13 гласале за заклучокот, нема воздржан, 46 против.

Ве молам да се утврди бројот на присутните.

Ве молам, гласајте сите.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 36 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи, со Предлог на закон.

Предлагам додека дојде претставникот точката 36 ќе ја одложиме.

***Минуваме на точка 40 - Нацрт на закон за финансирање на политичките партии.***

Предложен е од пратениците Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ.

Нацртот на законот и извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, дописот на Законодавно правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Еден од основните предуслови за функционирање на повеќепартискиот систем, тоа го признаваат се повеќе држави во светот, а е и предмет на меѓународните документи е регулирањето на финансирањето на политичките партии. Во оваа смисла и препораките на Советот на Европа од 2000-та година и препораките на Венецијанската комисија, препораките на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, како и Комитетот на министрите на Советот на Европа од 2003-та година, укажуваат на тоа дека државите треба да го уредат

финансирањето на политичките партии. Јас би кажал дека на овој начин и Република Македонија се приближува до овие земји, бидејќи Република Македонија е една од ретките земји во Европа која со посебен закон го нема уредено финансирањето на политичките партии. Исто така би напоменал дека во овој закон се регулира само тековното финансирање, а не и финансирањето за време на изборните кампањи кое што е предмет на посебни закон кои ги регулираат изборите. Бидејќи во првата фаза имавме расправа и одредени забелешки се прифатени, јас би кажал дека еден добар дел од дилемите се расчистени. Во првата фаза, во фазата на предлот за донесување на законот, законот беше поддржан од сите пратенички групи. Во оваа фаза на нацрт морам да кажам дека имавме извонредно голема поддршка од Советот на Европа, потоа од фондацијата за изборни системи ИФЕС како и од други меѓународни организации кои што покажаа голем интерес за донесување и усвојување на овој закон. Јас би кажал дека е побарана и експертизата од Советот на Европа и таа е добиена, меѓутоа бидејќи сеуште е неофицијална, затоа не ви е поделена, која што укажува на одредени работи кои што треба да се изменат, односно дополнат, но воглавно оваа експертиза од Советот на Европа е позитивна и дава позитивни мислење во врска со решенијата предвидени во Законот. Се создаде една забуна бидејќи на самиот почеток имаше една печатна грешка која што неколку пати беше исправена. Јас би кажал со оглед дека се работи за средства предвидени од Буџетот во висина од 00,8%, а не од 0,08%, значи една нула е испуштена и исправката беше во меѓувреме дадена и се создаде една забуна. Меѓутоа, во секој случај верувам дека таа е отстранета.

Околу самата висина на средствата, јас би кажал дека таа е би рекол и симболична, бидејќи изнесува околу 400 и нешто илјади евра за сите политички партии парламентарни, вонпарламентарни и она решение што е предвидено во законот 30, или 20% да бидат за сите овие партии кои освоиле минимум 1% на парламентарните избори и оној друг дел за оние кои што освоиле места во Парламентот. Тие дилеми дали да бидат 20% или 30% и понатаму остануваат и ги оставаме за оваа расправа како предлагач. Јас би навел во оваа смисла за кој износ на средства се работи. Познато е дека пред од прилика два месеци Меѓународната заедница во Босна суспендира една политичка партија која што е трета по големина по добивање на средства од државниот буџет и таа партија добиваше 50.000 евра, или 100.000 босански марки месечно што би значело за оваа трета партија дека добивала, односно има право да добива средства во висина кои што се предвидени

за сите политички партии во Буџетот. Од таму сметаме дека евентуалното скратување на овие средства кои се на самиот почеток симболични, ги довело фактички до негирање на Законот. Инаку, што се однесува до самите решенија, јас верувам дека ова ќе овозможи јавност и транспаретност во финансирање на политички партии и еден почеток кон целосно одвојување, односно осамостојувањето и намалувањето, или елиминација на влијание на одредени центри на моќ врз политичките партии. Посебно ви нагласил на крајот дека не би го коментирал целиот закон, бидејќи го имате текстот. Исто така, на комисиските расправи и на тркалезните маси кои што беа организирани со помош на Советот на Европа и со Фондацијата ИФЕС претставниците на сите политички партии учествуваа и дадоа свои забелешки и мислења во врска со овој закон. Јас би кажал дека постои една дилема околу дејностите кои што може да ги врши политичката партија. Имено, се јавува, јасно е бидејќи постои кај нас исто така и одлука на Уставниот суд дека политичките партии не можат да вршат стопански дејности. Но, се јавува, морам да кажам дека и експертите дилемата кои се тие дејности кои што може да ги врши, а кои не се директно би кажал профитабилни како што е издавање на пропаганден материјал, потоа издавање на неодредена издавачка дејност и т.н, но постои друга дилема како од страна на надлежните органи кај нас, така и кај меѓународните организации, но и кај експертите, дали политичките партии можат да се задолжуваат кредитно, или не. Според едно мислење, тие можат да се задолжуваат кредитно доколку гарантираат дека можат да го вратат кредитот. Но, постои мислење дека политичките партии во никој случај не би можеле кредитно да се задолжуваат и затоа би сакале да го чуеме и мислењето на пратениците. Јас би кажал дека ние сме подготвени и понатаму како што кажавме во првата фаза како предлагачи да имаме соработка со сите политички субјекти, со експерти, со Владата на Република Македонија, со министерствата, како и со Меѓународната заедница со цел дас изготвиме што подобар текст на закон, чие што донесување се одвива во три фази. Но, би кажал дека во рок од 10-тина дена по ова, ние пред да го доставиме законот во конечната трета фаза, ќе го доставиме неофицијално до сите пратенички групи, за да уште еднаш имаат можност да ги дадат своите забелешки, значи и по оваа расправа за да се тестираме себеси во која смисла сме ги прифатиле сугестиите на сите субјекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитувани пратеници,

Дозволете ми на самиот почеток да ја изразам помата почит кон пратениците Жерновски и Шапуриќ што нацрт верзијата на законот за финансирање на политичките партии вградија најголем дел од забелешките, мислењата и сугестиите изнесени на парламентарната дебата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет, како и на работните трибини во организација во Советот на Европа.

Сакам посебно да истакнам дека на првата работна трибина, на која освен претставниците на пратеничките групи, присуствуваа и претставници на Министерството за финансии и Министерството за правда, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата, ОБСЕ, Советот на Европа, ГРЕКО, претставници на невладините организации и средствата за јавно информирање, се отвори богата дебата која што резултираше со препораки изготвени од посебна работна група, што предлагачите во најголем дел ги инкорпорирале во Нацрт верзијата на законот.

За жал, на втората работна трибина во организација во Советот на Европа, од оправдани причини не можев да присуствувам, но информациите што ги добив укажуваат дека изобилувале квалитетни расправи, сугестии, што веројатно ќе придонесат за поквалитетен закон од оваа сфера. Се разбира дека и сугестиите на Владата на Република Македонија ќе обезбедат суштински корекции во содржината на законот, што ќе резултира со квалитетен закон, компатибилен со стандардите на земјите на Европската унија и препораките на Советот на Европа.

МОрам да напоменам дека најголемиот дел од расправите се однесуваа на обезбедување на висок степен на транспарентност во фирансирањето на политичките парити, како и ефикасна контрола на финансиското работење на истите, се со цел превенирање на евентуалните злоупотреби и почитување на законските прописи.

Во расправите преовладуваше ставот Нацрт законот да се растовари од одредбите кои се однесуваат на финансирањето на изборните кампањи, дотолку повеќе што таа материја е регулирана со Законот за пратеници и Законот за локални избори. Како што гледаме предлагачите ги прифатиле овие сугестии и таквите одредби не ги вградиле во Нацрт верзијата на законот.

Освен тоа посебно се инсистираше на важноста, одредбите од законот кои се однесуваат на јавноста и контролата на финансирањето, да се однесуваат и на сверата на финансирањето на политичките партии, што во најголем дел е разработено во Нацрт верзијата на законот. Во тој контекст задолжителна државна ревизија на финансирањето на политичките партии има посебно значење, дотолку повеќе што државниот завод за ревизија со својата техничка и кадровска опременост, не е во состојба да врши надзор на сите субјекти во Република Македонија.

Сакам посебно да истакнам дека висината на средствата од 0,01% од бруто домашниот производ што го нуди Владата за финансирање на политичките партии е исклучително мала и важниот симболичен износ ни оддалеку не може да ги покрие минималните потреби на политичките партии. Лично сметам дека предлагачите на законот нудат пооптимално решение кое соодветствува со минималните потреби на политичките партии.

Во расправата посебно беше нагласена потребата да се оцени можноста за даночно ослободување на донациите, што за жал, не го гледам во Нацрт верзијата на законот, иако лично сметам дека ваквата можност во Нацрт верзијата, без пропратните закони од фискалната сфера ќе беше мртво слово на хартија. Во тој контекст можноста за кредитирање на политичките партии што стои во Нацрт верзијата на законот во услови кога таа материја не е регулирана со закон, е доволна причина да се преиспита таа можност во законот.

Правото на политичките партии на сопственост на деловен простор, опрема, канцелараски материјал, превозни средства и друг државен имот во Нацрт верзијата е растоварена од правото на сопственост на згради. Но, за жал и во Нацрт верзијата на законот не се утврдени ограничувањата во правото на сопственост на политичките партии, за што зборуваат компаративните искуства од државите на Европската унија како и препораките и заклучоците на Советот на Европа.

Од друга страна, за разлика од првичната верзија, во Нацрт верзијата на законот е јасно прецизирано дека јавните извори на финансирање на политичките партии е во годишен износ и се дадени две алтернативи на висината на тој износ. Освен тоа, овие средства политичката партија може да ги користи за остварување на своите цели утврдени со законот, статутот и другите акти на партијата, што недостигаше во првичната верзија, а предлагачите ја прифатиле како забелешка и ја вградиле во Нацрт верзијата на законот.

Владата на Република Македонија во овој дел нуди една мала корекција, која влијае на допрецизирање на текстот на овој член од законот. Сакам посебно да истакнам дека е особено значајно што во Нацрт верзијата е утврдена одредба министерот за финансии да донесе упатство за распределба на средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за финансирање на политичките партии.

Што се однесува до донациите, се забележува дека во Нацрт верзијата е дуплиран износот на поединечната донација во однос на првичната верзија, што по мене е пореален износ, посоодветен со потребите на политичките партии. Но, додека сум тука, предлагам мала корекција, т.е. износот да не е во висина на средствата исплатени во претходниот месец, туку во висина на средстата исплатени во претходната година, што би било усогласување со член 15 од Нацрт законот.

Во првичната верзија на законот беше предвидено донаторот да ја одреди целта за која е наменета донацијата, што по мене е добро решение и сосема е непотребно и исфрлено од Нацрт верзијата на законот.

Сакам посебно да истакнам дека предлагачите имале посебно чувство кон одредбата дека политичките партии се непрофитни организации и во тој контекст при утврдувањето на видовите на приход, кои политичките партии имаат право да го стекнуваат со посебна одредба прецизирале дека политичките партии приходите може да ги користат исклучиво за вршење на активности согласно законот и актите на партијата и истите не смеат да се користат за стекнување на профит. Оваа одредба е апсолутно во согласност со препораките и заклучоците во Советот на Европа. Мислам дека апсолутно држи препораката на Владата оваа одредба да се допрецизира со вметнување на терминот и програмата на партијата, дотолку повеќе што активностите на политичките парити се во рамките на програмските определби на партиите.

Она што привлече посебно внимание при парламентарната дебата, а особено на работната трибина во Охрид, беше контролата т.е. над финансиското работење на политичките партии, што согласно нацрт верзијата на законот го вршат Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија. Не е баш најсреќно решение од едноставна причина што и двата се државни органи и по службена должност се овластени да го вршат тој надзор. Сепак, намислење сум дека постоење на едно независно тело имуно на политичките влијанија, би било посоодветно решение, тотолку повеќе што наведените државни органи и онака овие

дејствија ги имаат во своја надлежност. Впрочем, политичките партии согласно Нацрт верзијата на законот се должни до нив да доставуваат не само квартални извештаи, туку и годишна сметка за финансиското работење и тоа до Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Централниот регистар и Државниот завод за ревизија. Длабоко сум убеден дека едно вакво независно тело би овозможило ефикасна контрола, не само на финансирањето на политичките партии, туку и ефикасна контрола на трошење на средствата, но исклучиво за вршење на активности согласно законот, програмата и актите на партијата и не смеат да се користат за стекнување на профит.

Се разбира дека следи завршната верзија на законот која остава доволно простор предлагачите да ги разгледаат мислењата, ставовите и забелешките на Владата на Република Македонија, парламентарните дебати, комисиската расправа, работните трибини во Охрид, како и компаративните искуства од земјите на Европската унија и препораките и мислењата на Советот на Европа се со цел завршната верзија на законот да ги исполнува највисоките стандарди во оваа сфера.

Нацрт верзијата на законот содржи казнени одредби кои недостигаа во првичната верзија и тој контекст сметам дека би било пожелно со посебна одредба да се прецизира дека средствата од казните ќе одат во Буџетот на Република Македонија. Лично сметам дека наведените износи на казните се премногу ниски што не може ефективно да влијае во избегнувањето на злоупотебите во оваа сфера. Барањето на посоодветни решенија би било од корист за поквалитетет закон во оваа свера.

Почитувани пратеници,

Евидентно е дека финансирањето на политичките партии, транспарентноста, превенирањето на можните злоупотреби и ефикасна контрола, е комплексна материја што налага истото да се регулира со посебен закон за финансирање на политичките партии. Впрочем, државите од нашето соседство како и државите од Европската унија, кои во оваа област се далеку пред нас, како и препораките и заклучоците на Советот на Европа, чиј член е и Република Македонија, се причина повеќе предлагачите Жерновски и Шапуриќ да истраат во овој процес и по оваа парламентарна дебата да излезат со завршна верзија на законот, која ќе претставува сублимат на се она што се сугестии, мислења, предлози, препораки не само на политичките партии, експерти, државни органи,

невладини организации и слично, туку и се она што е највисок стандард во оваа свера.

Длобоко убеден дека овој процес ќе резултира со добар закон за финансирање на политичките партии, на сите оние кои го дадоа својот придонес во дизајнирањето на овој закон им упатувам изрази на моја длабока почит.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господина Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас најпрво ќе истакнам дека пратеничката група на СДС дава безрезервна поддршка на овој законски проект и воедно изразува задоволство што токму овој проект е од група пратеници, од колеги пратеници.

Се јавив за збор, бидејќи она што и г. Кенан Хасипи го кажа, јас ја имав таа прилика и чест да учествувам на семинарот кој беше одржан во Охрид од страна на Советот на Европа, а по однос на овој законски проект и таму исто ги кажав своите забелешки и мислења по однос на законот за финансирање на политичките партии. Истото би сакал и сега овде да го искористам, бидејќи разгледувајќи го нацртот деновиве, забележав дека она што дебатиравме со предлагачите на законот во Охрид на тој семинар гледам дека всушност некои работи не се изменети. Затоа, би сакал и сега еве да ја искористам оваа прилика на седницава повторно да апелирам во два члена од предлагачите тоа да го земат предвид и да најдат слух за сето тоа. Неспорна е потребата од донесување на овој закон. Она што го рече и еден од предлагачите, каде се гледа дека има доста искуство во таа работа, а јас како пратеник го консултирав и некои закони од некои држави кои ја третираат таа проблематика, дојдов до некои сознанија дека да, тоа некаде е регулирано со посебен закон, а некаде тоа е суштествен дел од законот за политичките партии.

Би сакал, најпрво, во членот 14 каде што предлаглачите даваат алтернативни членови, без оглед на тоа кој од членовите ќе се најде во конечната верзија на законот, сакам да апелирам да се вметне дека приватните извори на финансии на политичките партии, покрај тоа што ќе бидат од членарини, донации,

подароци, кредити, сопствени приходи и ред друго, да се додаде од издавачка дејност, од продажба на пропаганден материјал и организирање на партиски манифестации. Зошто ова го напоменувам? Граѓаните на Република Македонија, без разлика на која политичка опција припаѓаат, тие со програмите на одредена политичка партија имаат прилика да се запознаат само на изборите за програмата на одредена политичка партија. Затоа, тука можеби не би било многу во финансиска смисла ефикасно, меѓутоа, колку-толку во тоа ќе се успее да се собере дел од средства, со кои политичките партии ќе издаваат свој пропаганден материјал по однос на програмата која ја застапуваат и граѓаните непосредно ќе можат во секое време тоа да го купат и да бидат запознати со програмата на одредена политичка партија. Истото важи и за она што го напоменав за одржување на некои политички манифестации и трибини, каде што исто ќе имаат прилика граѓаните без оглед на партиска или било каква структура да бидат запознати што всушност една одредена политичка партија за што се залага. Повторно ќе потенцирам, можеби тоа не се големи финансиски ефекти, меѓутоа, ќе има некоја корист и за граѓаните и дел за партиите. Затоа, би апелирал тоа да се вметне, ако може да се вметне во овие два, без разлика кој ќе биде членови, 14.

Она што исто така падна збор во Охрид на семинарот е во членот 15 кој кажува дека по членарина во смисла на овој закон се смета редовен износ на средства кој членот на полтичката партија го плаќа годишно согласно актите на партијата. Јас ќе апелирам до предлагачот и тогаш беше кажано терминот “годишно” не треба да се најде во овој член, бидејќи се знае согласно актите на одредена политичка партија како се плаќа членарината. Така што терминот “годишно” овде не гледам дека има некоја своја примена. Беше разговарано и добро е тој да се отстрани од членот 15 став 1.

Во делот и во мислењето на Владата на Република Македонија е кажано за висината на финансиите, финансирањето на политичките парити и тоа сигруно предлагачите ќе го имат предвид. Значи, она што и според мене и според нашата пратеничка група е битно дека конечно со изгласување во третата фаза на овој закон ќе има одредена контрола на оние средства, финансии или донации кои доаѓаат, се слеваат во политичките партии.

Јас не би сакал да должам, бидејќи многу е разговарано по однос на овој закон. На крај повторно ќе потенцирам дека пратеничката група на СДСМ дава

безрезервна поддршка на овој проект и задоволство што навистина еве колегиве пратеници се потрудиле и направиле еден ваков обемен законски проект.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Збор има господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседател, почитувани колеги и посебно почитувани колеги предлагачи на овој Нацрт закон.

Јас мислам дека е направена една добра работа од пратениците на парламентарната група на ЛДП. Начелно уште од првата фаза како претставник на ПДП го поддржав овој Нацрт закон. Ме радува фактот дека пристапот е доста сериозен во однос на текстот, содржината после многу наши сугестии се зедоа предвид. Исто така, ми остава впечаток тоа што се организирани тркалезни маси, се направија и компарации, споредби и сугестии од Европската унија, Советот на Европа каде што сме и членки на овој совет како држава и сето тоа што е предложено треба и понатаму да се поддржува, иако жалам што овој закон или овој Нацрт не може да го корегира тоа што е минато во врска со статусот на политичките партии како од аспект на нивно финансирање, од аспект на контролата околу употребата, трошењето и донациите итн, наследството во однос на објектите што ги користат политичките партии. Но, во овој случај треба да ја признаеме и нашата вина дека порано не е предложен еден ваков Нацрт закон, за да не дозволевме дефинитивно на разни начини да констатираме дека во минатото се направени доста грешки кои им се наменети на политичките партии во однос на користењето на објектите, на користење на разни донации секогаш во паушални форми се финансирани разни активности на политичките партии, но никогаш не е утврден статусот на политичката партија како институција во самата држава со својата транспарентност на дејствување итн.

Затоа би било добро да помине и завршната фаза што побрзо, каде покрај нас, пратениците треба да ги имаат и соодветните институции, посебно Министерството за финансии и сите тие подзаконски акти што треба да се

подготват, но и самите политички партии утре треба да ги поддржат стандардите и критериумите и барањата што се предвидени со овој нацрт-закон.

Добро е, што сите можности за дејствување на една политичка партија паралелно со финансирањето и транспарентноста, контролата и мерките кои нема да дозволат малверзации, туку партијата ќе се стави, секоја политичка партија ќе се стави, ќе се постави така како што треба во рамките на тоа што значи институционално и дејствувањето ќе биде многу транспарентно, со самиот факт дека се предвидени добри рамки на дејствување на еднај политичка партија и нејзините активности.

Исто така, ми причинува задоволство што политичките партии, и парламентарните и оние кои не се парламентарни и на локално ниво и на централно ниво се предвидени можностите и формите односно е предвидена една рамка како и колку можат да се помогнат овие партии да дејствуваат на транспарентен начин за да ги задоволат интересите на едно нормално дејствување на една политичка партија.

Затоа, ќе завршам со ова дека треба да се поддржи овој Нацрт-закон. Јас мислам дека така се изјаснија и колегите од другите политички парити, овде, во овој Парламент. Значи, да продолжиме со овој континуитет, со овој интензитет на консултации и на подобрувањето евентуално или на воспоставување на тоа што е на алтернативен начин кажано во самиот закон и дефинитивно да имаме еден закон, за функционирањето на политичките партии.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Јас би сакал да се осврнам на неколку покрупни забелешки во однос на предложениот закон на колегите пратеници, би сакал да кажам дека можеби вака на хартија се изнесени како што им е презентирано и како што се надевам со забелешките би изгледало многу убаво, но гледајќи ја вкупната ситуација, политичката ситуација која што не опкружува мислам дека со ваквиот закон и начинот на кој што ќе може да се врши контролата дел од финансирањето би дошло до многу поголеми проблеми и некој во оваа ситуација би се поставил да ли би бил

оној што ќе биде Врховен судија и кој што ќе има контрола врз сите политички партии што сигурно дека во една држава како нашата не би било во ред.

Би сакал да кажам еве г-динот Иван Атанасовски кажа за членот 14 мислам дека тие забелешки веќе предлагачите ги вградиле во членот 20 од приходите, продажба на печатени аудио визуелни и дигитални изднија и пропагандни материјали, други публикации и приходи од продажба на билети за присуство на манифестации. Значи, овие две работи мислам дека предлагачот ги вградил во членот 20 и дека тие постојат. Но, се јавува еден проблем.

Ова што ќе значи финансирање на политичките партии од страна на државата што значи финансирање од страна на Буџетот во ред е Министерството за финансии и Заводот за ревизија, сето тоа да го контролираат каде одат тие средства, зошто се потрошени, како се потрошени. Но верувајте ми во оваа ситуација кога некој сака да донира или донирал или дал некои средства во партијата се бараат илјада начини како тие донатори да бидат пронајдени на некој начин казнети затоа што дале за опозиција, или дале за сегашната позиција која што некој друг понатаму ќе ја контролира. Мислам дека механизмот кој што треба да се направи е една финансиска институција која ќе биде тотално независна, во своето работење и дека нема да подлежи сем сопствена финансиска контрола за кое што ќе одговара само пред некое тело кое што нема да зависи од тоа министерство, затоа што секое министерство, е всушност политички поставено почнувајќи од министерот до се понатаму сите тие единици на Министерството што ги вршат овие контроли.

Мислам дека тука сите ќе се сложиме дека треба да изнајдеме еден начин сето оваа контрола на финансирање на политичките партии да ја донесеме во ситуација неговорам само за сега, говорам и за во иднина да може тоа тело да функционира, без никакви притисоци и без никакви задни намери во она што значи контрола на работењето на политичките партии.

Би сакал да се задржам на членот 21 и би го прашал предлагачот член 21 во став 1 каде што стои дека политички партии не можат да се финансираат од Влади, меѓународни институции и органи и организации на странски држави и други странски лица. Би прашал што значи тоа странско лице, дали одредени партии знаеме дека имаат свои задгранични комитети како тие би донирале во партијата или како тоа би го изразиле, кога во моментот поседуваат и странски државјанства и имаат и се припадници на странски држави и така да како може сето тоа во овој

начин други странски лица едноставно се елиминира се што може да донесе донација или да дава приход.

Мислам дека тука предлагачот треба да размисли да се најде начин како ова да се елиминира. Друго што би сакал да запрашам е во истиот член 21 дека се исклучуваат како што кажав, тоа се здруженија на граѓани, невладини организации, верски заедници или религиозни групи.

Ова е закон сега за политички партии и финансирање на политичките партии. Јас би сакал доколку е можно пошто тука спомнувате здружение на граѓани, невладини организации, во некои законски проекти што сега ни ги доставува Владата, тие невладини организации се, веќе поставени во буџетските средства што е мислам едно еноторно кршење на правото на тие невладини организации, и нивното работење, нивното вклучување во сите овие кампањи во се она што значи помош на одредена политичка партија мислам дека треба многу брзо и многу сериозно да се постави прашањето што со здруженијата на граѓани од каде се нивните финансисии кој се ги финансира, на кој начин е финансирањето, и од каде доаѓаат тие тешки средства кои што се вадат токму пред избори, или во моментот кога на некој му се потребни. Мислам дека сите заедно ќе треба многу, многу скоро да донесеме закон или да најдеме начин како сето ова да се контролира. Во оваа ситуација мислам дека тие здруженија на граѓани всушност се во некоја употреба или злоупотреба од одредени политички партии.

Понатаму во членот 27 како што кажував за надзорот од финансиското работење на политичките партии, говориме дека ќе го вршат Министертвото за финансии државниот завод за ревизија. И во став 2 во истиот член кажувате дека службено лице кое е овластено да решава или да врши дејствија во постапка на контрола на финансиско материјалното работење не смее да биде член на политичка партија во која врши контрола. Ако тоа е Министерство и начинот на кој што сега работат министерствата каде што сите се припадници на една политичка партија, тогаш значи една политичка партија нема да се контролира. Ќе бидат контролирани партиите од опозицијата и оние партии кои што незнам може би ќе се направи нешто друго, да се најдат вакви членови за контрола кој што ќе можат да извршат контрола и ревизија на партијата од која што тие се назначени во Министерството за финансии. И тука ќе се јави еден проблем. Мислам сериозен проблем, за кој што треба да изнајдете решение. Треба да се размисли.

Исто се сложувам со првиот дискутант во однос на членот 29 или комплетно казнените одредби значи, Глава ИВ, мислам дека тие се и премногу мали, мора да се изнајде некој друг начин, затоа што тие 10 иљади евра или 5 иљади евра, ако не се платат и со тоа се завршува се како казна за неизвршено претстсавување на матеијално-финансиското работење мислам дека ќе биде добар предизвик за многу од поголемите партии едноставно да не достават таков финансиски извештај, и мислам тука треба да се најде некој механизам, кој што ќе ги доведе сите политички партии во рамноправна положба. Ако целта на законот е во таа насока, а целта на законот е да се контролира кој што се каде донира, и кои се изворите и приходите, на одредени средства тогаш овој закон ваков каков што е, во ред. Ако, сакаме да направиме нешто што ќе биде трајно, што ќе важи и за наредните години кога власта ќе се промени мислам дека ова не е во ред и дека можеме и мораме да најдеме посебно во делот на финансиската контрола начин како тоа да биде независно, и како сите партии да бидат во рамноправна положба. Тоа е основната работа, мислам и целта на предлагачите е да донесеме токму еден таков закон.

Еве овие се моите првични забелешки. Мислам дека предлагачот ќе ги земе во предвид.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Предлагачот, г-динот Шапуриќ.

Повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Сосема накусо, благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитувани колеги пратеници, овие забелешки кои што беа искажани од нашите колеги пратеници, ние најсериозно ќе ги земеме.

Морам, како што кажав, морам да повторам дека голем дел од овие работи беа дилеми и за нас. Но, околу санкциите само би на помнал дека и ние сме свесни дека тие се доста мали, но согласно усогласеноста на овој закон, како што спомна г-динот Спиро Мавровски и г-динот Кенан Хасипи, дека мора да бидат усогласени со другите закони, така што останатите закони што ја регулираат материјата на прекршоците, укажуваат на овие казни. Затоа, ние, во согласност со меѓународните експерти размислуваме за една санкција што ќе ја воведеме, во случај на грубо

прекршување на одредбите од овој закон, да одредиме политичка партија, биде лишена во траење од една година од добивање на средства од Буџетот. Инаку, беше разгледувана дури и можноста да и биде забрането учество на еден изборен циклус за што повеќето експерти сметаат дека тоа би било против уставно. Но, во секој случај, размислуваме за заострување на санцките, се разбира во согласност со другите акти.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го залучувам претресто. И, на Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок.

Пред да го прочитам заклучокот јас би ги молела сите пратеници да влезат во собраниската сала, за да можеме да пристапиме кон гласањето.

Ги повикувам сите колеги пратеници да влезат во собраниската сала, за да можеме да гласаме. а истовремено ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Истовремено и координаторите да помогнат во контактирањето со пратениците што се наоѓаат во близина.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Уште еднаш ги молам сите колеги пратеници да влезат во салата и да можеме да пристапиме кон гласањето.

Молам службите сега да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Мислам дека уште еден колега ќе треба да повикаме.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Мислам дека имаме кворум.

Тогаш, дозволете ми да го прочитам заклучокот.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за финансирање на политичките партии:

2. Предлагачите на законот пратениците Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ, ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон при што ќе ги имаат предвид, забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставаат до предлагачите на законот, пратениците, Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ. Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, за гласале 59 пратеници, 1 воздржан и никој против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 36 - Предлог за донесување закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збorт? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник сите 61 пратеник гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикуваме да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на терористичките напади со експлозивни направи.

Преминуваме на 37 точка:

Предлог за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесеување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот.

Ве  повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници од 65 пратеници што се присутни , сите 58 пратеници гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пртеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на членот 1, поднесен од ЗПК .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на текстот на Законот, констатирам дека е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за и еден воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот.

Преминуваме на 38 точка:

Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесеување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите 62 пратеници гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 1 и на член 2.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на членот 1, поднесен од ЗПК .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на текстот на Законот, констатирам дека е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил пповереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основнитре слободи.

Преминуваме на 39 точка:

Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 13 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи во врска со укинувањето на смрттната казна во сите околности, со Предлог на закон.

Предлогот за донесеување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 13 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи во врска со укинувањето на смрттната казна во сите околности.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници , 61 за и еден воздржан.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пртеници, 61 гласал за, и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 за и еден воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот број 13 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи во врска со укинувањето на смрттната казна во сите околности.

Преминуваме на 41 точка :

Предлог за донесување на закон за вработување и работа на странци.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Пред нас имаме Предлог на донесување на закон за вработување  и работа на странци и обралoжение од страна на Министерството за труд и социјална политика, од што произлегува потребата за донесување на овој закон, е дадено. Меѓу другото е кажано дека потребата произлегува од таму што досега имавме стар закон, кој влечеше корени уште од поранешна Југославија, кој потоа по инерција продолжи да се применува и после нашето осамостојување. Тргнувајќи од потребата за усогласување односно обврската што ја има Владата според програмата за работа на Владата во 2003 година, е ставено донесувањето на овој закон. Од сето тоа произлегува потребата од донесување на законот. Потребата е и поради усогласување со Уставот, меѓутоа и со Меѓународната регулативвца. Убаво е кажано дека неоходно е потребна поголема компатибилност на постојното законодавство во врска со вработувањето и работата на странци за нивниот привремен престој, кој произлегува од современите деловни услови. Внатре треба да се уредат условите и начинот на издавање на работни дозволи и визаи согласно новите меѓународни регулативи итн. Се е убаво кажано  во образложението, меѓутоа, дали навистина е така и дали повторно од страна на Министерството за труд и социјална политика имаме Предлог на закон кој повторно, како што беше и со претходниот закон предложен од ова министерство само пред неколку седници, а тоа беше Законот за евиденција од областа на трудот, имавме и тогаш, почитувани колеги, предлог кој што Владата односно Министерството за труд ни го достави, а кој беше само препис на Законот за евиденција од областа на трудот од 1977 година, значи од времето на поранешна Југославија.

Јас би ги замолила моите почитувани колеги и Вас, почитувана потпретседателке, да обезбедите минимум услови за работа и навистина колегите да слушаат што зборуваат нивните колеги од опозицијата, бидејќи ние тука сме да носиме квалитетни закони, а не да си играме Парламент и законодавен дом.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ги молам колегите за внимание.

Повелете, госпоѓо Бонева.

СИЛАВАНА БОНЕВА:

Пред само неколку седници носевме Закон за евиденција од областа на трудот кој воопшто не беше усогласен со меѓународните регулативи, немаше никакво поедноставување на работата и тогаш обрнавме внимание како опозиција дека законите кои ги нуди Владата и нејзините служби претходно  сериозно треба да бидат обработени, а не само препишани стари закони. Повторно тогаш парламентарното мнозинство буквално се оглуши од наШите забелешки и не реагираше воопшто.

Еве сега повторно имаме односно ни се предлага закон кој буквално е изваден од кантата за отпадоци на законодавството на Република Хрватска. Закон за кој согледала Република Хрватска дека не носи подобри решенија, Закон кој го донеле 1992 година, кој имал измени и дополнувања 1993 и 1994 година. Тие согледале дека заради нивното приближување кон Европската Унија неопходно е потребно да донесат нов закон за вработување на странци. Токму заради тоа, кон крајот на 2003 година, имаат донесено нов Закон.

Ако веќе користиме странски искуства и нашата цел е да го намалиме бројот на страници од оние 80.000 страници на Европското законодавство требаше да ги преведеме и да го усогласуваме секој закон што го донесуваме во овој Парламент, за да биде усогласен со Европското законодавство и со Меѓународната регулатива, како што пишува во образложението, а не да се преземаат решенија за кои другите земји веќе согледале дека нудат иншто ново, не да се земаат решенија кои не се усогласени со Меѓународната регулатива и кои се отфрлени и напуштени од другите земји. Еве, само за споредба, ова е новиот закон на Република Хртватска кој е на повеќе од 80н страници, а стариот закон кој ние го препишуваме буквално, односно го препишуваме законот на Република Хрватска.

Доколку сите како Законодавен дом му обрнеме внимание на Министерството за труд и социјална политика и на сите други претставници од Владата дека треба да ни се предлагаат квалитетни решенија, решенија кои ќе бидат усогласени со Законодвствтото на ЕУ, да не работиме повторно и наредниот пат да велиме дека повторно е потребно усогласување. Дали наша цел е само декларативно да се

залагаме за усогласување на нашето Законодавство со Законодавството на ЕУ или вистински да работиме. Ако треба некој закон да сработиме, еднаш за секогаш да знаеме дека то закон ни е усогласен  со Европската регулатива, со Меѓународната регулатива, да го ставиме на страна и да знаеме дека сме намалиле нешто од овие 80.000 страници од Европското законодавство, а не повторно да се враќаме назад. Значи од едно исто Министерство веќе имаме два закони кои не враќаат назад, наместо да не водат напред. Не смееме да се оглушуваме, треба да дадеме сигнал како Законодавен дом дека Министерството треба многу сериозно да ги разгледува, а службите внатре не да ги препишуваат законите од поранешна Југославија или сега од земјите на поренашна Југославија што се осамостоија, меѓутоа, да ги земаме квалитетните решенија и усогласените решенија, да ги усогласиме со нашите специфичности, па дури тогаш да дојдат пред законодавниот дом.

Значи, повторно ќе апелирам колегите добро да размислат и мислам дека треба овој закон комплетно да го пратиме на доработка, да пратиме еден убав сигнал до Владата до Министерството за труд понатаму да добиваме закони кои ќе бидат компатибилни со Европското законодавство, усогласени со нашите прилики. Да не работиме залудно, да не трошиме како вие што милувате да кажете народни пари за ништо, туку ако нешто сработиме, да биде сработено, а не заради тоа што опозицијата тоа го вели да биде анблок отфрлено. Значи наше треба да боде да носиме навистина квалитетни и сериозни закони, но да добиваме и такви предлози од страна на Владата, бидејќи во образложението се вели дека овој закон е усогласен со Меѓународната регулатива.

Повторно апелирам до колегите пратеници да го отфрлиме овој закон, односно да го вратиме на доработка и да ни дојде нов закон од страна на Министерството за труд и социјална политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има Г. Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ   :

Агресивноста на колешката што ја искажа во однос на овој закон ја разбрав. Тоа е сосема коректно. Таа има во однос на овој закон две алтернативи: Да го прифати или да го отфрли, да гласа за него или не.

Меѓутоа, она што не го разбрав во нејзиниот говор, тоа е речникот. Како е законот “изваден од канта за отпадоци” да објасни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Интересни зборови паднаа.

Г-ѓо Бонева, дали ќе одговорите?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, ако за вас не значи ништо дека Република Хрватска буквално го ставила во канта за отпадоци овој закон кој ние го преземаме од таму, тоа значи дека овие решенија кои ни се нудат не се прифатливи за Република Хрватска, не се усогласени со Меѓународната регулатива и Европското законодавство. Можрби треба многу пати да повторам дека наша цел е, како што е цел на Република Хрватска која е многу пред нас во иднина да бидеме членка на ЕУ и да донесуваме закони кои ќе имаат квалитетни решеинја. Ако ништо не значи тоа дека Република Хрватска овој закон, кој буквално е препишан, го ставила на страна, изработила нов закон кој е сугласен со Меѓунаодната регулатива, тогаш повторно се потврдува дека само декларативно зборуваме за ЕУ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Г. Максу Тали, заменик на министерот за труд и социјална политика како преставник на Владата.

МАКСУ ТАЛИ:

Почитувани пратеници, има само една вистина. Законот се донесува во две фази. Ова е прва фаза и со овој Предлог пред вас излеговме. Ние сме секогаш подготвени да прифатиме добри сугестии и забелешки, како и добри предлози. Секогаш сме подготвени за подобар и поквалитетен закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор за реплика Г. Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Се работи за реплика, г-ѓо потпретседател. Со сета почит кон г-ѓата Силвана Бонева, сепак мислам дека се работи за прва фаза, предлог за донесување на закон

за вработување и работа на странци. Апсолутно не го делам нејзиното мислење дека е направен буквален препис и дека е преземен од канта за отпадоци, а второ, воопшто не држи предлогот законот да се врати од едноставна причина што во оваа фаза може да се излезе со предлози, сугестии и мислења, за да може во наредната фаза да се инкорпорираат. Инаку, тоа не е решение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Знам дека се работи за прва фаза, меѓутоа, сметав дека е потребна да обрнам внимание на парламентарното мнозинство да не ни се случи тоа што се случи со Законот за евиденција од областа на трудот кога буквално беше препишан законот на СФРЈ од 1977 година, а никој од колегите не реагираше и си гласаа онака како што си знаат, штом доаѓа нешто од опозицијата веднаш се отфрла. Токму заради тоа сакав да обрнам внимание, бидејќи еден закон вака ни помина да не ни помине овој закон така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави Г. Спиро Мавровски, меѓутоа, ве известувам дека имаме уште пет минути до паузата. Дали да направиме пауза сега, па после ќе продолжите, или ќе се вклопите во времето?

Во ред, ако се согласуваат колегите, повелете Г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-ѓо потпретседателке.

Би сакал да кажам нешто во однос на она што е презентирано до нас пратениците, значи за текстот на законот. Бидејќи ова е прва фаза, колешката Бонева ги искажа своите мислења, а го слушнавме и заменикот министер кој рече дека се ќе прифати. Значи може и новиот закон ако го предложиме во оваа прва фаза да биде прифатен од Министерството и ќе се обидеме на тој начин.

Во однос на ова што значи сега закон за вработување на странци, која материја до сега беше регулирана со Законот за основање работен однос на странски државјани и тоа од бившата СФРЈ, превземен како републички просек, ќе

продолжи да се применува и по донесувањето на Уставот на Република Македонија 1991 година, може да се стават повеќе забелешки и тоа во членот 1, став 2 од Предлогот за донесување на овој закон, зборот "граѓанско" да се замени со зборот "облигационо". Ова од причини што договорите за вработување на определено или неопределено време и сите други видови договори се предмет на изучување на облигационото право, заради што попрецизна формулација би била, како работа на странци со овој закон се смета вршењето на работи, кои ги обавуваат странците кои се темелат на облигациони правни договори, кои временски ограничено се врат на територијата на Република Македонија.

Во членот 2 став 2 од Предлогот за донесување, после зборовите "доколку е така определено во меѓународен договор", да се додадат зборовите "по принцип на реципроцитет". На тој начин, покрај другите начела, на кои се заснова Предлогот за донесување на закон, би било начелото на реципроцитет и тоа во функција на заштита на нашите граѓани.

Би сакал да прокоментирам некоку члена од Законот, кои што можат да бидат понатаму предмет на спорови, или да кажеме, на индивидуални решенија при донесување на одлуки на Заводот за вработување на кои што се префрлуваат голем дел од ингеренциите. Тука би кажал за член 2, каде што се кажува работна дозвола ќе се издаде, ако во евиденцијата на Заводот за вработување, меѓу невработените лица од определено подрачје нема соодветен кандидат, кој покрај општите ги исполнува и посебните услови што ги бара работодавецот за основање на работен однос и е подготвен да го прифати вработувањето, а во согласност со политиката на пазарот на трудот во рамките на макроекономската политика. Ова мислам дека е премногу политичка формација, која што многу малку кажува кои луѓе и што ако некој бара специјалност и специјалисти кои што треба да завршат некој технолошки процес, или би бил уште подиректен и поконкретен, во однос на она што значат странски натрпреварувачи во нашата држава, како тие ќе засноваат работен однос, доколку на берзата на трудот, или во заводот за вработување утре имаме пријавено наши луѓе. Значи која ќе биде квалификацијата и мериторноста да се одлучи, кој за што е подобар и дали странецот кој што ќе дојде, може да направи некој пресврт во одредена организација, за која што многу пати тука како пратеници зборуваме, дека ако сме имале странски менанџмент, дека во многу фирми би се работело многу подобро.

Понатаму во член 6 став 3, каде што имаме работа и дозвола за работа на странец укажуваме дека работната дозвола на барање на работодавецот, се издава по правило на определено време, додека трае договорот за вработување, кој што не може да биде подолг од една, односно три години и важи за работата на работодавецот кој ја побарал работната дозвола. Се поставува прашање дали странецот кој добил ваква работна дозвола, ако евентуално добие отказ од работодавецот, а истата работа може да ја работи кај друго лице, дали тој повторно ќе треба да бара работна дозвола за во Македонија, а веќе ја има за престој во наредните три години. Мислам прашањето треба да биде разрешено, да не се остава апсолутно, никаква дилема.

Понатаму, во членто 23 законодавецот предвидува исти казни и за оној што ја работи работата и за работодавецот. Значи и за одговорното лице и за работодавецот се предвидуваат казни во висина од пет до 50 илјади денари. Мислам овде или нешто е испуштено или не е добро додефинирано. На крајот, во членот 24 каде што се решава еден дел, се однесува за државјаните на поранешните република од СФРЈ, мислам дека во став 1 и став 2 се повторуваат според мене истите услови, така да за став 2 нема потреба апсолутно да опстојува во членот 24. За што се работи. членот 24 говори дека граѓаните на поранешна СФРЈ, односно државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ се стекнуваат со лична работна дозвола за една година, доколку на денот на влегувањето во сила на овој закон престојуваат во Република Македонија и се под еден, во работен однос на неопределено време и имаат најмалку 10 години работен стаж во Република Македонија и став 2 во работен однос на неопределено време. Значи овој став 2 едноставно го има и во ставот 1. И тука се кажува во работен однос на неопределено време и во ставот 2 се повторува истото, само во првиот став кој има дополнителен услов дека имаат најмалку 10 години работен стаж во Република Македонија. Сега или треба да испадне ова првото, или треба став 2 да биде бришан од овој член. Тоа се вака некои генерални забелешки во однос на текстот на законот. Бидејќи вие рековте дека ова е прва фаза, се наредно мислам дека ќе биде превземено. Слушнав од замеником министер дека има желба за соработка, мислам дека ќе се обидеме да донесеме некој закон кој што ќе не привлече до Европската заедница или иницијативата на Европската унија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали уште некој сака да дискутира? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред да го прочитам заклучокот би ги молела сите колеги што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Заклучокот гласи:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за вработување и работа на странци.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 59 за, 2 воздржани и 3 негативно.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Прогласувам пауза.

(Реакции од пратениците).

Имаме уште две точки. Дали се согласувате да продолжиме?

Колеги, јас мислам дека треба пауза, имаме сепак сериозни точки и по еден час ќе продолжиме.

(Пауза од 13,05 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,25 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со 42-та точка - **Предлог за донесување на закон за здравје на растенијата.**

Предлогот за донесување на законот, и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да се гласа.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Вкупно има 60 пратеници. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарност до сите пратеници што се тука да можеме да работиме.

Значи му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за здравје на растенијата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, со што ќе ги има забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеници, 66 пратеника гласале за заклучокот, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 43-та точка - **Избор на членови на Републички судски совет.**

Предлозите за избор на членови на Републичкиот судски совет ви се доставени.

Претседателот на Република Македонија поднесе Предлог за избор на двајца членови на Републичкиот судски совет.

Едниот од нив се избира со мнозинство гласови од присутните пратеници, а другиот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на избор на член на Републички судски совет, кој се избира со мнозинство гласови од присутните пратеници.

Отворам претрес по предлогот Трајко Вељановски да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, пред да поминеме на чинот на гласање би сакал да ги потсетам колегите од позицијата, а и целокупната македонска јавност дека по трагичниот настан и загинувањето на претседателот Борис Трајковски, челниците на актуелната власт јавно ветија дека ќе продолжат по патот што го трасира Борис Трајковски, во областите од неговата надлежност.

Пред да се случат изборите за претседател на Република Македонија, во областа на кадровската политика, беше исполнет еден од аманетите на загинатиот претседател Борис Трајковски, кога за началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија беше поставен генералот Бојаџиев, што беше предлог на Борис Трајковски.

Очекувам и денеска позицијата да биде доследна на даденото јавно ветување и да го исполнат и овој аманет од трагично загинатиот претседател Борис Трајковски бидејќи предлогот Трајко Вељановски и господинот Османи Бедри Акив да бидат нови членови на Републичкиот судски совет, веќе по трет пат се наоѓа пред избор во ова Собрание и ако доследноста е доблест на позицијата, очекувам денеска предложените од претседателот Борис Трајковски да бидат избрани. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трајко Вељановски да биде избран за член на Републички судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за предлогот гласаа 10, се воздржале 4 и против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Трајко Вељановски не е избран за член на Републички судски совет.

Преминуваме на избор на член на Републичкиот судски совет кој се избира од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Акив Османи да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Акив Османи да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 58 пратеници, за предлогот нема никој изјаснет, 1 воздржан 51 против.

Ги молам службите да го констатираат точниот број на присутни пратеници.

Во моментот на гласањето беа присутни 59 пратеници и со тоа го поништувам гласањето. Сега имаме 60 пратеници ни треба уште еден пратеник.

Ги молам сега службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Значи предлогот Акив Османи да биде избран за член на Републички совет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 59 пратеника, за предлогот не гласал никој, воздржан е 1 и 58 против.

Во салата се вкупно присутни 61 пратеник.

Бидејќи првиот услов не е исполнет, констатирам дека Акив Османи не е избран за член на Републичкиот судски совет.

Поминуваме на 51-та  точка .

Господинот Марјан Ѓорчев е предлагач  за информација за состојбите во агроиндустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство.

Оваа точка ќе ја одложиме. Тука ќе ја затвориме денешнава седница.

Утре во 10 часот продолжуваме со 53 седница.

(Седницата прекина со работа во 14,40 часот)